

# ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ООУ„ХРИСТИЈАН КАРПОШ“ КУМАНОВО

За период 2019-2021 година

# ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 129 И 130 ОД ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, СЛ. ВЕСНИК НА Р. МАКЕДОНИЈА БР.161/19 ОД 05.08.2019 ГОДИНА, КОМИСИЈАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА ИЗГОТВИ

# **И З В Е Ш Т А Ј**

# ЗА ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ООУ „ХРИСТИЈАН КАРПОШ“ КУМАНОВО (2019 – 2021 ГОД.)

Во согласност Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта, а по предлог на директорот на ООУ „Христијан Карпош“ Куманово, Мирољуб Пауновиќ, Училишниот одбор на својата седница одржана на 24.11.2021 год. донесе Одлука за спроведување на самоевалуација на работата на Училиштето и формира Комисија во состав:

- Мирољуб Пауновиќ – Директор
- Александра Стаменовска – педагог
- Слаѓана Ѓориќ- библиотекар
- Александра Павловска – одделенски наставник
- Лидија Костиќ – одделенски наставник
- Анита С.Денковска -член на Советот на родителите

# ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКАТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР БР.02-439 ОД 24.11.2021 ГОД. И ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ(СЛ.ВЕСНИК НА РСМ БР.161/2019) ЧЛ.129 СТАВ 2, ДИРЕКТОРОТ НА ООУ„ХРИСТИЈАН КАРПОШ“ КУМАНОВО ДОНЕСЕ РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА КООРДИНАТОРИ НА ТИМОВИ ЗА СИТЕ ПОДРАЧЈА НА САМОЕВАЛУАЦИЈА.

- **Координатори на тимовите за Самоевалуација:**

1. **Организација и реализација на наставата и учењето** - Весна Алексова
2. **Постигања на учениците** - Лидија Николиќ, одделенски наставник
3. **Професионален развој на наставниците ,стручните соработници и раководниот кадар**- Дејан Младеновски, пом.директор и предметен наставник
4. **Управување и раководење**-Милица Тимчевска , предметен наставник
5. **Комуникации и односи со јавноста** - Сашка Јордановска, одд. наставник
6. **Училишна клима и култура**- Билјана Петровска, предметен наставник
7. **Соработка со родителите и локалната заедница** - Мартин Јованчевски, предметен наставник

Самоевалуацијата се одвиваше во  три фази.

- Во **подготвителната фаза**, на состаноци на работните групи на наставниците (во текот на месец ноември2021) се одредија методите, техниките и инструментите за самоевалуација, се доекипираа тимовите за секое подрачје и се прибираа податоци и документација потребна завршењето на самоевалуацијата.
- Во текот на месец декември 2021 год.( во **фазата на реализација**) за секое подрачје тимовите работеа по однапред изготвени индикатори кои го мерат квалитетот на работата на училиштето, а како извори на податоци се користеа: интервју, прашалници (анкета) за ученици, родители, наставници, увид во педагошката евиденција и документација, анализа на документи, разговори. Од добиените резултати (информации) се дефинираа јаките и слабите страни за секое подрачје поединечно, како и идните активности и дејствија кои ќе се преземат во училиштето, со цел подобрување на работата на училиштето на сите нивоа/подрачја.
- Со почетокот на второто полугодие од оваа учебна година, започнавме и со третата фаза( **фаза на известување и усвојување**) со што овозможуваме достапност на нацрт-извештајот до сите релеванти субјекти, кои ќе можат да доставаат забелешки за нацрт –извештајот(во писмена форма), по што ќе го изготвиме финалниот извештај, кој ќе биде објаен на веб-страната на училиштето.

# Цели на спроведување на самоевалуацијата:

- Да се добијат објективни и прецизни сознанија за фактичката состојба;
- Да обезбеди увид во состојбата на напредувањето на училиштето по однос на сите шест димензии (инклузивност, ефективност, здравје и безбедност, родова сензитивност, партиципација на учениците, родителите и заедницата и почитување на детските права и мултикултурализмот)
- Добиените резултати да претставуваат појдовна основа за интервенција, акција – акционен план и програма за развој на училиштето;
- Сознанијата до кои се доаѓа со самоевалуацијата да имаат улога на коректор на планирањето и реализацијата на понатамошните активности ;
- Да се направи модификација, усовршување, унапредување на практиката.

# ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

- Реализацијата на самоевалуацијата секогаш ќе резултира со спојување на индикаторите од сопствената проценка на квалитетот, со потребата за унапредувања на квалитетот на наставата на ниво на училиштето;
- Самоевалуацијата ќе ја поттикне тимската работа меѓу субјектите вклучени во воспитно-образовниот процес, се со цел подобрување на квалитетот во учењето и поучувањето;
- Податоците добиени од спроведувањето на самоевалуацијата ќе му помогнат на училиштето да изврши проценка на моменталната состојба во училиштето преку детектирање на јаки и слаби страни во секое подрачје;
- Самоевалуацијата ќе има ја зголеми мотивацијата на професионално ниво кај наставниците и за успех кај учениците;

# КОЈ ЌЕ ИМА ПОЛЗА ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА?

- **Учениците** ќе имаат поквалитетна настава, ќе имаат поквалитетна комуникација и подобра мотивација во наставниот процес;
- **Наставниците** ќе можат да се усовршуваат на професионален план и со тоа да ги развиваат можностите за поттикнување на квалитетот во сопственото работење и поучување во училиштето;
- **Училиштето** преку откривањето на јаките и слабите страни, според дадените индикатори во секое подрачје, ќе може успешно да ја планира сопствената работа. Преку изготвување на развоен план за наредниот период(тргнувајќи од самоевалуацијата за изминатиот период), акциски, конкретно и целисходно ќе работи на надминување на утврдените слабостите, се со цел подобрување на целокупното работење на училиштето.

# ОСНОВА ЗА ВРШЕЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА БЕА ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТАТА ПРОПИШАНИ ОД МОН И ИЗГОТВЕНИ ОД ДПИ , КАКО И ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИН И ОБЛАСТИ ЗА ВРШЕЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА, СЛ НА РМ БР.10/2014 ГОД

Врз основа на Индикаторите за квалитетот на работата на училиштата утврдени се јаките и слабите страни во работата на Училиштето и утврдени се **дополнителни дејствија од седум сите подрачја.**

**1. Организација и реализација на наставата и учењето**:

- Обука на наставниците за практична работа (не само теоретска) со деца со посебни потреби и за изработка на индивидуализирани образовни програми;
- Едукација на наставниот кадар за работа со талентирани и надарени деца;
- Воведување на кабинетска настава (според можностите на училиштето) за реализирање на наставни програми по одделни предмети. Потреба од изнаоѓање интерни начини за подобрување на училишната инфраструктура и инвентар;
- Изготвување на процедура за поголема информираност на родителите, учениците и наставниците за наставните планови и програми, а што воедно ќе придонесе за подобро интегрирање на општите (меѓупредметните) цели во наставата;
- Набавка на современи нагледни наставни средства и помагала;
- Потреба од унапредување на работата на Стручните активи;
- Потреба од логопед;
- Потреба од изработка на План за заштита и спасување, во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди.

**2.Постигања на учениците:**

- Подобрување на соработката со родителите на учениците со слаб успех;
- Да се изнајдат начини за полесна комуникација со родителите на децата кои без некои оправдани причини подолго отсуствуваат од настава и нивно враќање во редовната настава;
- Осовременување на наставата со употреба на современи наставни форми, методи, наставни средства и помагала;
- Продолжување со едукација на наставниот кадар за користење на современа информатичка и друга технологија во наставата.

**3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар**

- Поголемо залагање на наставниците за објавување на стручни трудови и нивно мотивирање по пат на наградување;
- Збогатување на училишната библиотека со нови стручни изданија;
- Организирање на обуки за работа со деца со ПОП, инклузивно образование и употреба на ИКТ алатките во наставата.

**4. Управување и раководење**:

- Доопремување на кабинет по хемија и природни науки.
- Воведување на видео надзор и електронска најава на вработени.
- Реконструкција на дотраената фасада со нова (термо фасада), доопремување на училиштето со нов инвентар, нагледни средства и спортски реквизити.
- Реконструкција на пристапна рампа за ученици и лица со телесна попреченост, согласно прошишани стандарди

**5. Комуникации и односи со јавноста**:

- Да се интензивира работата на стручна служба, стручни активи и преку работилници да се работи на подигање на свеста за конкретни актуелни проблеми и предизвици од областа на образованието;
- Да се работи на актуелизирање на потреба од зголемување на број на вработени хигиеничари, до релевантни институции со цел добивање на согласност и финансирање на истите

**6. Училишна клима и култура:**

- Аплицирање на проекти за да се огради и уреди училишниот двор
- Зајакнување на активното учество на учениците во сите сфери од училишниот живот
- Веб страната на училиштето да се промовира кај родителите со теми интересни за нив и во интерес на нивните деца.
- Преку Советот на родители да добиваме материјали кои ќе се истакнуваат на Веб страната, ќе бидат во согласност со сите законски и подзаконски акти поврзани со воспитно – образовниот процес

**7. Соработка со родителите и локалната средина**

- Да се работи на проширување на спектар на информации кои ќе бидат пласирани на медиумите(на интерно, локално , национално и интернационално ниво);
- Преку акциски истражувања да се детектираат и конкретизираат теми и динамика на работилници кои ќе бидат организирани во функција на подигање на свест кај родители за важност на образование (од сите аспекти.)